ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1/637
26.02.2021 год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.12.2020 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 87.355 илјади денари пред оданочување, односно 77.641 илјади денари по оданочување.

Во тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 785.827 илјади денари, кој во однос на 2019 е намален за 8%. Во проценти изразено приходите на домашен пазар се намалени за 2%, односно 16% кај приходите на странски пазар. Најголемо влијание на намалувањето на приходите на странски пазар е резултат од прекинување на оперативните активности од 1 Мај 2020 година во секторот на отпадна хартија. На намалувањето на приходите влијаеше здравствената светска криза COVID-19, но Друштвото пристапи кон нова стратегија и ги ревидираше финансиските планови за тековната година. Со ревидираните планови се одржува континуитет како на домашен така и на странските пазари.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 707.852 илјади денари, кои во однос на 2019 се намалени за 14%, односно:

- Расходите по основ на суровините и материјалите се 8% намалени, и покрај зголеменото производство, од причина што цената на основната суровина - хартијата во тековната година се намалуваше, како и расходот за отпадната хартија со прекинување на активностите во сектор на отпадна хартија;
- Намалени дистрибутивни трошоци за 14% согласно намалена продажба во сектор отпадна хартија, односно зголемена продажба во амбалажа ;
- Согласно инвестиционото вложување во минатата година амортизацијата е зголемена за 9% во однос на континуираното капитално вложување во основни средства на друштвото;
- Вредносното усогласување на тековните средства е согласно сметководствените политики на друштвото;
- Трошоци за вработените се за 5% зголемени за трошоците за еднократните трошоци од затварањето на оперативните активности со отпадната хартија. Со изземање на истите, трошоците за вработените се на исто просечно месечно ниво како и минатата година. Намалување на трошоците за 50% најмногу има кај надоместоците за службени патувања.

Во однос на претходната година ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема, како и намалување на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

**ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје